Уп. Бр. 08-78/2024

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од друштвото **ИНФРАНИТИ ЕКВИТИ ФОНД СЦА СИЦАВ - РАИФ (*INFRANITY EQUITY FUND SCA SICAV-RAIF*),** со регистрирано седиште на 2-4, руе Еугене Рупперт, Л-2453 Луксембург, Големо Војводство Луксембург преку полномошник Адвокатско друштво Дебарлиев Дамески и Ќелешоска од Скопје, на седницата одржана на ден **22.05.2024** година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се утврдува дека концентрацијата со која друштвото **ИНФРАНИТИ ЕКВИТИ ФОНД СЦА СИЦАВ - РАИФ (*INFRANITY EQUITY FUND SCA SICAV-RAIF*),** со регистрирано седиште на 2-4, руе Еугене Рупперт, Л-2453 Луксембург, Големо Војводство Луксембург ќе стекне индиректна единствена контрола врз **Ла Планшетте Финанциере (*La Planchette Financière*),** со регистрирано со седиште на 25 руе де Понтхиеу, 75008 Париз, Франција, по пат на стекнување на акции, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата на 23.04.2024 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) е доставено известување за концентрација од страна **ИНФРАНИТИ ЕКВИТИ ФОНД СЦА СИЦАВ - РАИФ (*INFRANITY EQUITY FUND SCA SICAV-RAIF*),** со регистрирано седиште на 2-4, руе Еугене Рупперт, Л-2453 Луксембург, Големо Војводство Луксембург, со која **ИНФРАНИТИ ЕКВИТИ**

**ФОНД СЦА СИЦАВ - РАИФ** ќе стекне индиректна единствена контрола врз **Ла Планшетте Финанциере (*La Planchette Financière*),** со регистрирано со седиште на 25 руе де Понтхиеу, 75008 Париз, Франција, по пат на стекнување на акции.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, и  прилозите кон истото го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**ИНФРАНИТИ ЕКВИТИ ФОНД СЦА СИЦАВ – РАИФ** е управител на алтернативниот инвестициски фонд на ИНФРАНИТИ ФОНД на кого му е пренесено управувањето со портфолиото и управувањето со ризик на ИНФРАНИТИ ФОНД.

51% од Инфранити е во сопственост на групацијата Генерали („**Генерали Групација** “), чија мајка-компанија е Ассикурациони Генерали, со седиште на бр. Пиаца Дука дељи Абруци бр.2, Трст, Италија.

Во Северна Македонија , **ИНФРАНИТИ ЕКВИТИ ФОНД СЦА СИЦАВ – РАИФ** нема корпоративно присуство, ниту има вршено активности и/или остварено приход во годината што и претходи на Трансакцијата.

Во Северна Македонија, Генерали Групацијата има корпоративно присуство преку своето зависно друштво - Друштво за управување со отворени и затворени инвестициски фондови ГЕНЕРАЛИ ИНВЕСТМЕНТС АД Скопје, со седиште на бул. Партизански Одреди бр. 14А/1-2, Скопје - Центар, Северна Македонија, и регистрирана приоритетна дејност 66.30 – Дејности на управување со фондови .

**Ла Планшетте Финанциере** е компанија која поседува повеќе зависни друштва, неговата групацијата работи во секторот за патен превоз на патници во Франција (училишни линии, редовни линии, индивидуален превоз и туризам итн.).
Во Северна Македонија , ниту Ла Планшетте Финанциере , ниту неговата групација имаат корпоративно присуство, ниту вршат активности и/или оствариле приход во годината што и претходи на Трансакцијата

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата*

*вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот заштита на конкуренцијата.

Согласно член 53 став (2) од Законот заштита на конкуренцијата, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ана Николоска**